# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и член 20 став 3 од Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија, бр. 34/01,49/01, 103/01, 54/02 и 51/03 ), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## за евидентирање на кредитните работи со странство

1. Овластените банки и останатите резиденти задолжително ги пријавуваат за евиденција кредитните работи предвидени со член 2, став 17, точка 3 и 4, став 21, 22 и 23 од Законот за девизно работење во Народна банка на Република Македонија.

2. Кредитните работи од точка 1 од оваа Одлука се евидентираат поединечно, врз основа на поднесен договор за кредит во писмена форма кој ги содржи сите основни елементи на кредитната работа, како што се: износ, услови за давање, користење, враќање и каматна стапка.

По исклучок од став 1 од оваа точка кредитните работи како што се емставата, гаранциите и договорените трговски кредити (одложено плаќање или авансно плаќање) со рок пократок од една година, се евидентираат збирно.

3. Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за евидентирање на кредитните работи со странство ("Сл. весник на РМ" бр. 53/02)

4. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2007 година.

О. бр. 02-15/____-2006
______2006 година
Скопје

м-р Петар Гошев
Г у в е р н е р
Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 3108-108 (Централа); + 02 3108-208
Факс: + 02 3108-357 (Централа); + 02 3121-262
Телекс 51670 NARBAM MB